**ЗАПИСНИК**
**од 13 - та седница на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 30.03.2015 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски, Претседател на Советот на АААВМУ, д-р Милаим Фетаи, заменик на претседателот на Советот на АААВМУ, м-р Методија Јанчески, м-р Алма Машовиќ, Селвер Ајдини и Зоран Фиданоски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /**

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски, Директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручна служба:** м-р Драгица Љубевска, д-р Андриана Скерлев – Чакар, Горан Радуновиќ, Билјана П. Парлеева, м-р Арбен Саити, Маја Дамевска, Илија Витков.

**Други присутни:** Наташа Стојановска од ТВ Алсат М, Ружица Футиновска од Вест, Даме Стефаноски од ТВ Телма, Филјана Кока од МТВ, Елена Костовска од ЦРМ, Бојан Стојановски А1, Сања Јовановиќ од ТВ Телма, Флорија Камбели МРТ, Гаврил Сирачевски од ТВ Алфа.

Г-дин Петрушевски ја отвори 13-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:00 часот и се одржа во просториите на Агенцијата.

Г-дин Петрушевски, најави дека го прифаќа Барањето за ставање точка на Дневен ред, од членот на Советот Зоран Фиданоски, бр.02-2302/1 од 26.03.2015 година, за најавена седница на Советот на АААВМУ за 30 март 2015 година, со наслов „Расправа за начинот на кој известува јавниот радиодифузен сервис МРТ, за актуелните политички случувања“. Објасни дека согласно Деловникот за работата на Агенцијата, член 22 став 2, секој член на Советот на почетокот на седницата, може да предложи додавање на нова точка на дневен ред. Исто така објасни дека на седницата дополнително се доставени материјали за една Точка под Разно со наслов Предлог-Одлука за изменување на одлуката за потреба од јавна набавка-стока: Канцелариски мебел и опрема за деловниот објект на Агенцијата, Палата „Панко Брашнаров“, бр.05-6728/1 од 31.12.2014 година и забелешки од СИЗ МК НЕТ по Нацрт-Правилникот за утврдување на локациите за прибирање сигнали од операторите на јавни електронски комуникациски мрежи и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање.

Г-дин Трајчевски, во однос на дневниот ред, предложи Точката 8 „Предлог – Одлука за доделување дозвола на „Company 21“ ДОО од Приштина, Косово, за телевизиско емитување на програмски сервис преку ЈЕКМ што не користи ограничен ресурс, на државно ниво“ да биде под Точка 5 а сите останати точки редоследно да се поместат надоле.

Други предлози за измена и дополнување на дневниот ред не беа предложени.

Советот на Агенцијата, со предложените измени и дополнувања, едногласно, со 7 гласа „за“, го усвои следниот:

**Д н е в е н   р е д**

1. Усвојување на Записникот од 12-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 23.03.2015 година.
2. Став на Агенцијата во врска со Конечниот извештај за извршена ревизија на успешност, ефикасност и ефективност на системот на финансиското управување и контрола и внатрешна ревизија кај Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.
3. Став на Агенцијата во врска со Ревизорскиот извештај од независен ревизор на финансиските извештаи на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2014 година.
4. Предлог – Годишен извештај за работата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2014 година.
5. Предлог – Одлука за доделување дозвола на „Company 21“ ДОО од Приштина, Косово, за телевизиско емитување на програмски сервис преку ЈЕКМ што не користи ограничен ресурс, на државно ниво.
6. Барањето за ставање точка на Дневен ред, од членот на Советот Зоран Фиданоски, бр.02-2302/1 од 26.03.2015 година.
7. Предлог – Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за определување на траење на годишниот одмор на вработените во стручната служба на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-1879/1 од 12.03.2015.
8. Предлог – Правилник за утврдување на локациите за прибирање на сигнали од ОЈЕКМ и даватели на аудиовизуелни медиумски услуги по барање.
9. Нацрт – Правилник за работниот ред и дисциплинската и материјална одговорност на вработените во стручната служба на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.
10. Барање од ТРД Канал 5 ДООЕЛ Скопје, бр.03-1612/3 од 26.03.2015 година.
11. Предлог – Одлука за потреба од јавна набавка: Средства за пијалоци и потреби за кујна.
12. Предлог – Одлука за потреба од јавна набавка: Одржување на постојната веб-страна на Агенцијата.
13. Предлог – Одлука за потреба од јавна набавка: Одржување на хигиената во деловните простории на Агенцијата.
14. Предлог – Одлука за потреба од јавна набавка: Свич 6 (шест) парчиња.
15. Предлог – Одлука за потреба од јавна набавка: Ангажирање на фирма за селење од старите во новите простории на Агенцијата.
16. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и со еден воздржан глас од членот на Советот Лазар Трајчев и 6 гласа „за“, го усвои Записникот од 12-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 23.03.2015 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Советот на Агенцијата едногласно донесе Став дека Агенцијата во целост се согласува со мислењето дадено во Конечниот извештај од Овластениот државен ревизор од Државниот завод за ревизија за извршена ревизија за успешност – „Ефикасност и ефективност на системот на финансиското управување и контрола и внатрешна ревизија во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Точка 3**

Советот на Агенцијата едногласно донесе Став дека Агенцијата во целост се согласува со мислењето дадено во Ревизорскиот извештај за ревизија на годишните финансиски извештаи за годишната сметка на Агенцијата за 2014 година.

**Точка 4**

Г-дин Трајчевски објасни дека Советот на Агенцијата на својата 7-ма седница одржана на 27.02.2015 година, го усвои Нацрт – Годишниот извештај за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2014 година. Наведе дека во текстот на предложениот годишен извештај не се направени суштински измени. При тоа објасни дека составен дел на материјалот по точката се Годишниот извештај за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2014 година, Извештај за реализација на Годишниот план за програмски надзор за 2014 година, Програма за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2015 година (Програма на планирани активности и Финансиски план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2015-та година), Одлука за одобрување на Програмата за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2015 година, Финансиски извештај за реализација на Финансискиот план за 2014 година, Завршна сметка на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2014 година, Ревизорски извештај од независен меѓународен овластен ревизор, Ревизорски извештај од Државниот завод за ревизија и Став на Агенцијата во врска со наодите од ревизорските извештаи.

Г-дин Фиданоски, се изјасни дека ќе даде начелна поддршка за Годишниот извештај за работа на Агенцијата за 2014 година. Потенцира дека за периодот кога не бил член на Советот на Агенцијата, поточно за првата половина на 2014 година, каде меѓу другото спаѓа и извештајот за мониторинг на изборите, не може да даде поддршка. Целосна поддршка дава за извештајот за работа на Агенцијата од периодот 02.07.2014 година, кога и станал член на Советот.

Г-дин Петрушевски, рече дека материјалот за точката со сите компоненти кои се содржани во извештајот е обемен. Она што го чувствува е дека во Агенцијата е многу напорно работено, бидејќи бил присутен во текот на 2014 година. Во своето обраќање даде краток осврт на извештајот. Според него, во 2014 година, Агенцијата извршила вкупно 274 програмски надзори, од кои 116 врз радиодифузерите и 158 врз операторите на јавни електронски комуникациски мрежи. Радиодифузерите биле предмет на вкупно 18 административни надзори, а над издавачите на печатени медиуми биле изршени вкупно пет административни надзори. Паралелно Стручната служба работела на мониторингот за изборите и на Стратегијата за развој на радиодифузната дејност 2013-2017, и во извештајот има 4 точки од Стратегијата кои се реализирани. Во однос на усогласување на домашната регулатива, изработени се 32 подзаконски акти подготвени од вработените во Стручната служба и надворешни експерти ангажирани од ИПА проектот. Направени се 13 анализи кои се квалитетни по

својата содржина. Во поглед на доделување на дозволи, доделени се три дозволи за телевизиско емитување преку јавна електронска комуникациска мрежа што не користи ограничен ресурс и тоа две за емитување на регионално ниво и една на државно ниво. Согласно член 76 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, овие дозволи Агенцијата ги додели без објавување на јавен конкурс, по поднесено барање за доделување дозвола. Советот на Агенцијата донесе Одлука за замена на постојните дозволи за вршење на радиодифузна дејност со нови дозволи за телевизиско или радио емитување на вкупно 133 радиодифузери. Во текот на целата година редовно биле ажурирани податоците содржани во регистрите што ги води Агенцијата, односно регистарот на радиодифузери, регистарот на оператори на јавни електронски комуникациски мрежи, регистарот на даватели на аудиовизуелни медиумски услуги на барање и регистарот на издавачи на печатени медиуми, како и прегледот на регистрираните програмски пакети, исклучивите права на радиодифузерите и застапниците на програмски сервиси и филмски, спортски и други права на веб страницата на Агенцијата. Исто така, во 2014 година во рамки на проектот IPA TAIB 2009 „Зајакнување на административните капацитети на регулаторните тела за телекомуникации и медиуми за ефикасно регулирање на новите дигитални и повеќенаменски сервиси", беа започнати активности за имплементација на стандардот ISO 9001:2008 (QMS – guality management system), односно воведување на процесен пристап во работењето во Агенцијата. Во Извештајот се содржани и информации во врска со соработката којашто заради подобро и поефикасно остварување на законските надлежности, Агенцијата ја оствари со други регулаторни тела, надлежни институции и асоцијации. Исто така, Агенцијата учествуваше во работната група за Националната програма за усвојување на европското законодавство (НПАА) и до Секретаријатот за европски прашања доставуваше редовни извештаи за статусот на реализација на активностите предвидени во НПАА за 2014 година, а учествуваше и во работата на поткомитетот на Комитетот за стабилизација и асоцијација: Поткомитетот за иновации, информациско општество и социјална политика во делот на информатичко општество и медиуми. Во 2014 година беа преземени и активности за реализација на главните приоритети од Партнерството за пристапување во ЕУ и за изготвување на Придонесот кон извештајот за напредокот на Република Македонија во процесот на пристапување во ЕУ. На крајот од неговото излагање ја пофали Стручната служба која учествувала во квалитетната изработката на Нацрт – Годишниот извештај за работа на Агенцијата за 2014 година.

Г-дин Трајчев, во однос на темелноста како содржински е изработен, го поздрави Нацрт – Годишниот извештај за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2014 година. Рече дека се работи за материјал од приближно 250 страници, и она што претставува обврска на Агенцијата, отчетност и транспарентност во работењето, согласно ЗААВМУ, што значи остварување на целите, смета дека е целосно задоволено. Иако е член на Советот на Агенцијата од 02.07.2014 година, но со оглед на методологијата и пристапот каде што Стручната служба во Агенцијата целосно, темелно и сликовито го имаат претставено работењето и на Агенцијата и на Советот, смета дека треба да се поддржи овој акт и дека ќе даде можност на секоја заинтересирана страна да согледа што претставува Агенцијата и на кој начин таа работи. Потенцира дека исполнувањето на целите претставени во извештајот согласно Законот, е една од најзначајните работи која треба да се има предвид.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот на Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.01-2316/1 од 26.03.2015 година и едногласно донесе Одлука со која се одобри Годишниот извештај за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2014 година кој содржи:

- извештај за реализација на активностите утврдени во годишната програма за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2014 година,

- финансиски извештај за реализација на финансискиот план за 2014 година и годишна сметка со податоци за реализирани приходи, расходи, побарувања и обврски за претходната година групирани по структура и по организациона структура на Агенцијата и
- ревизорски извештај од независен меѓународен овластен ревизор и ревизорски извештај од Државниот завод за ревизија, како и став на Агенцијата во однос на резултатите од извршената ревизија.

Се задолжи Секторот за стратешко планирање и авторски права, горенаведениот Годишен извештај да го достави до Собранието на Република Македонија, најдоцна до 31 март 2015 година.

Се задолжи Секторот за координација и поддршка на работата на Директорот и на Советот на Агенцијата, горенаведениот Годишен извештај да го објави на веб страната на Агенцијата.

**Точка 5**

Г-дин Трајчевски ја објасни предложената Одлука за доделување дозвола на „Company 21" ДОО од Приштина, Косово, за телевизиско емитување на програмски сервис преку ЈЕКМ што не користи ограничен ресурс, на државно ниво. Информира дека поднесената документација е уредна и е во согласност со ЗААВМУ и подзаконските акти на Агенцијата кои ја регулираат оваа област. Радиодифузерот е обврзан да започне со вршење на дејноста најдоцна до 30 септември 2015 година. По 30 дена од започнување со работа, Агенцијата ќе направи стручен надзор и ќе утврди дали во пракса законските услови се исполнети. На крајот додаде дека со доделување на предложената дозвола, ќе се зголеми плурализмот, бидејќи ќе се зголеми бројот на телевизии на државно ниво кои ќе емитуваат програма на албански јазик.

Г-дин Фетаи, рече дека доделувањето на дозволата за телевизиско емитување на „Company 21" ДОО од Приштина, Косово, претставува позитивен момент и за Агенцијата и за државата во целина, уште повеќе што е исполнета целта да се негува медиумскиот плурализам во Република Македонија. Се надева дека наведениот субјект во практика ќе успее да ги исполни сите стандарди и проекти, бидејќи Агенцијата им доделува дозвола врз основа на документи но тие допрва треба да се потврдат во нивниот професионализам и сериозност во работењето. Не се сомнева и нема резерва дека ќе биде така, пред се според она што го гледа, затоа што се работи за рентабилна телевизија која долги години е присутна во Косово а во Република Македонија, нивната програма е дел од програмските пакети на многу кабелски оператори. На крајот додаде дека се зголемува заинтересираноста за инвестирање, во случајов со странскиот капитал од Косово.

Г-дин Фиданоски, постави прашање, дали идниот потенцијален корисник на дозвола за телевизиско емитување во Република Македонија, во документацијата што ја поднел, има поднесено дека веќе има склучено некакви преддоговори со кабелските оператори во Република Македонија, пример MAX TV или BOOM, дека истиот ќе биде емитуван во нивните програмски пакети?

Г-дин Трајчевски, одговори дека кога станува збор за телевизиско емитување што не користи ограничен ресурс туку оди преку јавна електронска комуникациска мрежа, кабелските оператори имаат задолжителна обврска да ги пренесуваат, бидејќи имаат дозвола на државно ниво.

На крајот, г-дин Петрушевски на „Company 21" ДОО од Приштина, Косово, им посака успех во работењето и добро да се подготват до 30 септември 2015 година.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот на Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.08-676 од 26.03.2015 година и едногласно донесе Одлука за доделување дозвола за телевизиско емитување на програмски сервис со претежно забавен општ формат, на државно ниво, на правното лице Друштво со ограничена одговорност “Company 21” ДОО, Република Косово, Приштина, Палата на медиумите - Анекс, со текст како што беше предложена.

Телевизискиот програмски сервис ќе се емитува преку јавна електронска комуникациска мрежа што не користи ограничен ресурс.

Се задолжи Секторот за координација и поддршка на работата на директорот и на Советот на Агенцијата, горенаведената Одлука да ја објави во „Службен весник на Република Македонија“ и на веб страницата на Агенцијата.

Се задолжи Секторот за правни и економско-финансиски работи, Одлуката да ја достави до Друштвото со ограничена одговорност “Company 21” ДОО, Република Косово, Приштина, со цел да регистрира трговско радиодифузно друштво во соодветниот регистар на Централен регистар на Република Македонија.

**Точка 6**

Г-дин Фиданоски, на почетокот го образложи своето барањето за ставање точка на Дневен ред, кое гласеше:

„Македонската радио телевизија според законските одредби ја има улогата на јавен радиодифузен сервис. Според чл. 104, став 3 од Законот за аудио и аудио визуелни медиумски услуги (ЗААМУ) МРТ како јавен радиодифузен сервис во Република Македонија е независна од кој било државен орган, друго јавно правно лице или трговско друштво и треба во уредувачката и деловната политика да биде непристрасна кон нив.

Обврските на МРТ според законот се стриктно набројани во членот 110 и меѓу другото ја обврзуваат МРТ да:

- создава и емитува програми достапни за целокупната јавност во државата со цел за активно да придонесува за создавање и развој на слободното мислење и информирање на јавноста и да биде двигател на демократските процеси во државата,
- обезбеди постојано, вистинито, целосно, непристрасно, праведно и навремено информирање создавајќи и емитувајќи високо квалитетни програми за сите важни политички, економски, социјални, здравствени, културни, образовни, научни, религиски, еколошки, спортски и други настани и случувања во Република Македонија, земјите од Европа и од светот,
- ја промовира и унапредува културата на јавен дијалог и да овозможи арена за широка јавна дебата по прашања од јавен интерес,
- не застапува и да не заштитува ставови или интереси на одредена политичка партија, политички, религиски или други групи, а програмите кои ги создава и емитува да бидат заштитени од влијание на власта, политички организации или други центри на економска и политичка моќ,

Освен тоа, јавниот радиодифузен сервис (МРТ), со членот 111 од Законот се обврзува да исполнува одредени стандарди и начела за својата работа, меѓу кои и следните:

- се придржуваат кон начелото на вистинитост, непристрасност и сеопфатноста на информациите,
- се придржуваат кон начелото на политичка избалансираност и плурализам на гледишта,
- обезбедуваат непристрасни, сеопфатни и важни информации и истите да ги презентираат јасно, недвосмислено и на начин на кој граѓаните ќе имаат можност слободно да го формираат своето мислење,

- не застапуваат или фаворизираат ставови или интереси на одредена политичка партија, здружение, личен интерес, религија или идеологија и во програмите еднакво да го уважуваат мислењето и уверувањето на другите,

Истите горенаведени обврски за јавниот радиодифузен сервис се предвидени во нивниот Статут за работа усвоен во јануари 2015 година.
Истовремено една од целите на Законот наведена во член 2 е да се обезбеди транспарентен, независен, ефикасен и отчетен јавен радиодифузен сервис. А, АВМУ според член 6, став 1, алинеа 6 од ЗААМУ се грижи за заштита на интересите на граѓаните во областа на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги.
Од цитираните законски одредби јасна е и недвосмислена улогата што треба да ја има МРТ. Како што предвидува законот – улогата на МРТ е да биде јавен сервис во служба на граѓаните кој ќе го служи на граѓаните и ќе го промовира и штити јавниот интерес. Сето ова, според мое мислење е доведено под сериозен сомнеж, да не употребам и потешка квалификација, со начинот на кој се прави уредувачката политика особено за тоа како се известува и анализира за случувањата поврзани со т.н. политички бомби на опозицијата односно со објавата на телефонските разговори од страна на опозицијата.
Објаснувањето на уредувачкиот тим на МРТ дека имаат забрана да се објавува содржината на телефонските разговори притоа повикувајќи се на соопштението објавено од страна на јавниот обвинител од 3ти февруари 2015 година со кое предупредува веднаш да запре објавувањето и емитувањето на овие материјали е обид за цензура. Потребно е да се знае дека новинарите и уредниците во МРТ во својата работа ги штитат Уставот (членот 16), Европската конвенција за човекови права (членот 10), цитираните законски одредби од ЗААМУ, Статутот на МРТ како и Кодексот на новинарите на Македонија.
Од ова може да се заклучи дека јавното обвинителство се става во улога на главен уредник на сите медиуми и против уставно прави обид за цензура на теми од висок јавен интерес. МРТ не смее и не треба да се крие зад ова соопштение. Истовремено, треба да се потенцира дека за редништвото не беше проблем да се објават видео снимки добиени со посебни истражни мерки, кои се однесуваат за тековен судски случај чие објавување е казниво по закон.
Земајќи ги предвид последните политички случувања сметам дека е од висок јавен интерес граѓаните да бидат целосно и сеопфатно информирани од медиумите како што предвидува Уставот и законот особено од јавниот радиодифузен сервис кој се финансира од сите граѓаните.
Од тие причини побара, да се упати јавен повик до МРТ во кој ќе се бара јавниот радиодифузен сервис да се придржува до законските одредби со што ќе придонесе да се исполни неговата улога во македонското општество".

Г-ѓа Машовиќ, во однос на доставеното барање, му се обрати на г-дин Фиданоски и рече дека очигледно многу енергија вложил во тоа што сакал на некој начин да му укаже на јавниот радиодифузен сервис како тој да работи. Нејзино лично мислење е дека тие се онакви какви што се, работат и известуваат онака како што известуваат, професионално, непристрасно, објективно и јавниот радиодифузен сервис работи како што треба да работи. Меѓутоа, рече, смета дека г-дин Фиданоски требал енергијата да ја насочи на нешто посуштинско, по битно. Се надева дека добро е запознаен со професионалните новинарски принципи, меѓутоа би било уште подобро кога би ги земал во предвид случувањата кај сите медиуми, како што се случувањата во дебатната емисија на 24 Вести и јасно изразениот говор на омраза во истата емисија од страна на учесникот Никола Гелевски, како и симнувањето од програмата на емисија „Во Центар" на Васко Ефтов на ТВ Алсат М. Колку што се сеќава, пред година-две за ист ваков случај, Претседателот на ЗНМ, г-дин Насер Селмани ја посетил ТВ Алфа и симнувањето на програмата на истата оваа емисија на ТВ Алфа го нарекол

цензура. Г-дин Селмани никаде го нема како да пропаднал во земја, не знае што се случува. На г-дин Фиданоски како предложен член од ЗНМ во Агенцијата, му рече дека непрофесионално е да темите ги бира селективно и дека тоа сериозно укажува на неговиот јасно изразен политички став и желба да Агенцијата ја втурне во политички води за цели разбирливи само за него.

Г-дин Фиданоски и се обрати на г-ѓа Машовиќ, и рече дека негов интерес е да се залага да се применуваат новинарски стандарди во известувањето. Барањето јавниот радиодифузен сервис да известува целосно и сеопфатно, е од Законот и ги цитирал законските одредби. Тоа рече дека не е втурнување во политички води за негов личен интерес и нема таков интерес. Тој има интерес вистината да биде целосно опфатена како што треба и кој како сака да ја толкува, на начин да граѓаните си формираат свое мислење за одреден настан. Што се однесува до тоа дека работи МРТ според професионални стандарди, далеку е од тоа. Изминатите неколку дена се обидел во различни термини кој намерно ги одбрал, да ги гледа ТВ дневниците на МРТ на првиот програмски сервис, и при тоа се огради заради неговото не познавање на албанскиот јазик, и дека не може да коментира за вториот програмски сервис. Според информациите и сознанијата што ги има, на вториот програмски сервис дел од т.н. бомби односно прислушуваните разговори се објавувани целосно, сеопфатно, не онака како што се прави само едно известување или вест од прес конференцијата. Затоа инсистира на сеопфатност. Во врска со првиот програмски сервис на МРТ рече дека нема ни „И“ од избалансираност. Како пример го зема вчерашниот централен ТВ Дневник и од првите пет информации, четири пати бил пуштен премиерот Груевски. И во минутажа рече, ако имаат време и трпение, може да се отиде во програмски надзор, да се провери, да се види колкава е таа избалансираност, затоа што не е само по квантитет избалансираноста, туку и по квалитет. Не навлегува во тоа како да си ја водат уредувачката политика, изборот на теми е право на уредниците тоа да го направат. Меѓутоа рече, имаат обврска бидејќи се јавен сервис, да известуваат. Што се однесува до прашањето за емисијата „Во Центар“, дека е укината, образложи дека не може тоа да го коментира бидејќи не е дел од ТВ Алсат М и за одлуката треба да го праша уредништвото на Алсат зошто така одлучиле, бидејќи е приватен медиум и не знае каков им е договорот со емисијата  „Во Центар“. Што се однесува до емисијата на 24 Вести, што ја споменала г-ѓа Машовиќ, каде што дискутанти биле Никола Гелевски и Александар Пандов, рече дека осудува несоодветни термини кој значат повикување на правење на кривични дела и не мисли на зборови кои што можеби другиот соговорник ќе го навредат, за тоа има законска регулатива, Закон за граѓанска одговорност за клевета и навреда, господинот може да си го тужи соговорникот ако смета дека е навреда. За него еднаква тежина на навреда, можеби помала има ако некој него го нарече бараба, а тој претходно го нарекол платеник. Смета дека неговиот збор што го искажал е потежок отколку тој другиот.

Г-дин Трајчев рече дека Советот и Агенцијата треба да го задржат нивото кое што треба да го има, да се огради од сите политички случувања и да не навлегува во политички настани. Агенцијата е регулаторно тело кое што треба да биде независно, неутрално, треба да ги регулира медиумите на начин утврден согласно закон и да не биде инволвирана во политички случувања. Апелираше до г-дин Фиданоски, да не се инволвира Советот понатаму претставено како барање да се упати јавен повик до МРТ, а аргументите кој што се дадени во барањето и самиот наслов, е барање за актуелните политички случувања. Смета дека Советот не треба да се инволвира и дека треба да се држи до одредбите од Законот кој што се дадени како негова надлежност.

Г-дин Фиданоски рече се согласува дека Агенцијата е независно регулаторно тело кое што се грижи за спроведување на законските одредби. Затоа ги цитирал

законските одредби и смета дека тие законски одредби во овој случај не се спроведуваат. И од тие причини го има поставено како прашање да се расправа на Дневен ред.

Г-дин Петрушевски се јави за дискусија. Од она што го гледал на МРТ, рече очигледно е дека има информации за настаните што ги спомнал г-дин Фиданоски. Единствено она што го нема е реемитување на содржините на тие прислушувани разговори. Знаеме рече, дека тие прислушувани разговори се не законски, сите тоа го знаат, но не е работа на Агенцијата да утврди кој го правел тоа. Во секој случај самото нивно објавување исто така е незаконско и рече дека не сака да цитира закон кој што не е поврзан со медиумите. Според него одговорниот уредник ќе ја има дилемата дали е законски реобјавувањето на прислушкуваните разговори. Во таа насока прочита одредени членови од Законите што се однесуваат на медиумите:

- во член 5 став 3 од ЗААВМУ, се вели дека Агенцијата ги извршува работите во согласност со овој закон, закон за медиуми, закон за општа управна постапка и други закони. Тоа значи дека се однесува за секој што го засега објавувањето и реобјавувањето на овие материјали, се однесува и треба да го почитува и Агенцијата.
- во член 6 од ЗААВМУ пишува дека Агенцијата ја поттикнува слободата на изразување, се грижи за заштита и развој на плурализмот, а ако се погледне пошироко не само за овој случај што сега се расправа може да се види дека најмалку 10-тина медиуми се бават со овие настани. Може да се заклучи дека има разни ставови и за едната и за другата страна. Да не зборуваме за интернет медиумите каде што има исто така многу различни ставови и тамо во најголем дел има доста голем говор на омраза и навреди.
- во член 61 од ЗААВМУ, стои дека радиодифузерите при вршење на дејноста треба да ги почитуваат начелата меѓу кои и самостојност, независност и одговорност на уредниците новинарите и другите автори при создавање на програмите. Постави прашање дали со овој потенцијален повик до МРТ Агенцијата ќе го наруши овој став од член 6, дека уредникот е самостоен, независен и одговорен во своето делување?
- во член 111 став 1 од ЗААВМУ, кој што г-дин Фиданоски го нема цитирано во материјалот, се вели дека МРТ во своето делување се придржува кон начелото на уставност, законитост во формирањето на информациите и програмите. Значи се поставува зборот законитост. Дали е законито реобјавувањето на овие снимки?
- во член 116 од ЗААВМУ каде што се наведува Програмскиот совет на МРТ, во ставот 1 се вели дека Програмскиот Совет на МРТ ги штити интересите на јавноста во поглед на програмските содржини кои ги емитува и се грижи за остварување на интересите и надлежностите на МРТ. Значи ако некој треба да реагира во однос на ова делување на одговорниот уредник, тоа е Програмскиот Совет на МРТ.
- член 124 од ЗААВМУ, надлежности на Програмскиот совет на МРТ, меѓу другите ги има и две кои укажуваат дека го следи исполнувањето на програмските обврски, начелата и стандардите утврдени во овој закон. Во случај на нивно непочитување е должен, писмено да го предупреди директорот на МРТ и може да побара од него да го прекине емитувањето на програмата. И алинеја 2 ги следи коментарите и укажувањата на публиката во однос на емитуваната програма на МРТ имајќи ги предвид истите, може во писмена форма да побара од директорот на МРТ да го прилагоди обемот,

структурата или севкупниот квалитет. Значи, рече, Програмскиот Совет има надлежност да го прави она што г-дин Фиданоски го предложил да Агенцијата го направи.

- во член 3 став 1 од Законот за медиуми се гарантира слобода на изразувањето и слобода на медиумите. Значи каква слобода има одговорниот уредник ако Агенцијата му укаже што да објави а што да не објави. Во Точка 2, покрај другото, слободата на медиумите, опфаќа и почитување на човековата индивидуалност, приватност и достоинство. Г-дин Петрушевски праша дали во овие снимки, во реемитувањата се почитуваат човековата индивидуалност, приватност и достоинство? Неговиот одговор е НЕ. Слободата на медиуми значи самостојност на уредникот, новинарот, авторите или креаторите на содржини.
- став 4 од член 3 од Законот за медиуми се вели дека издавачот на медиуми е самостоен во уредувачката политика, односно во спроведување на програмскиот концепт на медиумот, истиот е одговорен за своето работење согласно со овој и друг закон. Тоа значи дека одговара не само со овој закон туку и сите други закони што постојат во Република Македонија.
- Во член 8 од Законот за медиуми, одговорниот уредник ја води реализацијата на содржините што се појавуваат односно емитуваат, и одговара за секоја објавена информација во медиумот согласно со Закон. Праша кој ќе одговара после за уредникот ако Агенцијата го принуди да го направи она што г-дин Фиданоски го предлага?

На крајот од своето излагање, г-дин Петрушевски бидејќи има право на свое мислење и свој став рече дека нема да го поддржи предлог од г-дин Фиданоски.

Г-дин Фиданоски му рече на г-дин Петрушевски дека Агенцијата не е орган што одлучува дали нешто е противзаконско или не. Според него накнадно ќе се одлучи што е против законско а што не е. Праша дали е противзаконски да се пуштаат снимки од ПИ мерки, овде има адвокати кои знаат подобро од нас какви се казните за тоа, дали не е казниво дело да се користат снимки кој што биле од некој претходен случај од пред три години кој што по закон мора да бидат уништени по завршувањето и даден на осуда, случајот со Љубе Бошковски и со снимките што беа пуштени за тоа дека тој спремал пари да го „продаде“ името? Рече дека сака да потенцира дека неговиот колега новинар, Томислав Кежаровски бил осуден првично четири и пол години, па потоа одлежал две години со намалување и под притисок на новинарите, за откривање на идентитет на сведок што подоцна се покажало дека е лажен заштитен сведок. Во овој случај има исто откривање идентитет на заштитен сведок во случајот со Љубе Бошковски и праша кој треба да одговара за тоа? Колку и да и ставаме розови очила, мора да каже дека според него нема придржување на професионалните стандарди за известување. Во член 111 од ЗААВМУ, во начелата се вели: МРТ се обврзува да исполнува одредени стандарди од својата работа меѓу кој да обезбедува непристрасни, потенцира сеопфатни и важни информации и истите да ги презентира јасно и недвосмислено и на начин на кој граѓаните ќе имаат можност слободно да формираат своето мислење. При тоа г-дин Фиданоски повика да се даде можност се што е презентирано, да биде објавено, конкретно за јавниот радиодифузен сервис кој што се финансира од парите на граѓаните. А потоа граѓаните да одлучат дали ќе ги слушаат. Се залага да се објави целокупната информација и врз база на тоа граѓаните да си го формираат мислењето.

Г-дин Петрушевски во поглед на тоа како се настанати материјалите, рече дека се води спор и дека никој нема право и не е дозволено да реемитува материјали снимани на незаконски начин.

Г-дин Трајчев, во неговата дискусија повторно упати повик да не се навлегува во политички теми, за тоа да се цени дали одредени случувања во јавноста се вакви или такви, затоа што се работи за седница на Советот на Агенцијата, каде што треба да се одлучува во рамките на нејзините законски надлежности. Не може Советот да навлегува во политички случувања кои имаат некоја правна завршница која што понатака органите во државата ќе си ги утврдат. Тоа е едната работа. Второ, рече, се даваат аргументи во Барањето на г-дин Фиданоски да се задолжи јавниот сервис да направи тоа и тоа. Прво во Законот стриктно е определен односот на уредникот и тоа: во Закон за медиуми, член 3 став 4 кажува дека прво издавачот на медиум е слободен и самостоен во уредувачката политика и истиот е одговорен за своето работење согласно со овој и друг закон. Се бара од г-дин Фиданоски, Советот да го принуди МРТ да објавува нешто што тој смета дека треба или не треба да го објави, во ситуација кога има закана односно има можност поради такво објавување да биде инволвиран да кажеме во постапки кој што би се воделе по член 151 став 2 од Кривичниот законик, по Законот за граѓанска одговорност за клевета и навреда каде што и тој што го објавува тоа може да биде опфатен. Поради повикот од Јавниот обвинител каде што бара доказите да не се објавуваат затоа што се предмет на судска постапка. Сега од Советот кој што нема таква надлежност, г-дин Фиданоски бара да се донесе некаква одлука со која што ќе се задолжи некој уредник да објави нешто кое што може да го стави во ризик за водење постапка против него или против медиумот или во ситуација кога јавниот обвинител на два пати писмено се има произнесено да одредени докази не се објавуваат. Идејата како што рече г-дин Трајчев, е да се држиме до тоа што бара г-дин Фиданоски, да не се навлегува политички, да не се инволвира Советот ни сега ни понатака во било какви политички работи затоа што тоа не е негова надлежност и е спротивно на Закон. Тоа можеме во слободно време, но во работата на Советот треба да се делува професионално во согласност со законите. И во самото барање што го има дадено, упатува на член 110 став 1 алинеја 5 каде што кажува дека јавниот радиодифузен сервис, новинарите, уредниците, треба да не застапуваат и да не заштитуваат ставови или интереси на одредена политичка партија, политички, религиски или други групи, а програмите кои ги создава и емитува да бидат заштитени од влијание на власта, политички организации или други центри на економска и политичка моќ. Понатаму член 111 став 1 алинеја 4, дополнително се кажува, наведено во самото барање, дека не застапува или фаворизира ставови и интереси на одредена политичка партија, здружение, личен интерес, религија или теологија. И сега со тие надлежности и обврски што ги има Советот за МРТ, бара г-дин Фиданоски да Советот на Агенцијата, кој што нема таква надлежност, да донесе одлука да ги принуди да направат нешто кое што е спротивно на законите кои што самиот ги цитирал. Уште еднаш рече дека негова заложба е да Советот не се инволвира во политички настани.

Г-дин Фиданоски рече дека не рекол задолжение, туку да се упати јавен повик до МРТ, со кој ќе се бара јавниот радиодифузен сервис да се придржува до законските одредби. Да ги објави информациите што се објавуваат, па потоа граѓаните сами ќе си формираат свое мислење. Му се обрати на г-дин Петрушевски, и му рече дека се согласува дека е тоа работа на Програмскиот совет, односно на директорот на МРТ да повика на одговорност за не придржување на уредништвото на одговорните уредници. Точно е, но неговиот предложен јавен повик не се однесува да ги смени уредниците. Сака да верува дека кај нив се уште има доволно професионален капацитет да знае што е вистински новинарски професионализам и што треба да се направи.

Г-дин Трајчев рече точно е дека не се бара одлука, туку да се даде јавен повик, што сепак влегува во некоја политичка работа, затоа што Советот на Агенцијата не е надлежен за тоа. Потсети дека веќе Агенцијата има објавено јавен повик, соопштение до медиумите на 27.02.2015 година, до сите медиуми генерално, како што треба да работи едно регулаторно тело, генерално за сите, со општи работи а не конкретни. Така што ова барање не може да го види на ниеден друг начин освен на една политичка ситуација во која што Советот не треба да навлегува.

Г-дин Фиданоски, рече дека тоа соопштение било за конкретен случај, за кое што тој јавно реагирал на седница, а се однесувало за изречени сериозни елементи на говор на омраза на една национална телевизија во вклучување во живо на една од трибините на Граѓанското движење за одбрана на Македонија. Тоа соопштение го поздравил. Смета дека и после тоа соопштение, јавниот сервис не се однесувал според упатеното соопштение. Затоа бара јавен повик до МРТ да се придржува до тоа и пред се до законските начела.

Г-дин Фетаи ја поздрави одлуката на г-дин Петрушевски што не дозволил Советот да гласа барањето да се стави или не на дневен ред, туку веднаш ја прифатил иницијативата на колегата Фиданоски, што би сакал и понатаму да биде како принцип според мисија која ја има Агенцијата за медиуми, како регулаторно тело и како членови на Советот. Смета дека е добро што се дискутира за барањето, посебно за јавниот сервис, па и приватните медиуми, бидејќи се дел од законска обврска на Агенција. Биле спомнати имиња и телевизии во дискусиите, и рече дека ќе се задржи на јавниот сервис односно делот што емитува програма на албански јазик. Ги следи вестите таму, и рече дека имало одредени гласови од снимањата и посветено внимание нормално според наодите односно концептот на уредувачката политика, и смета дека публиката не е скратена во оној концепт на сестрано информирање. Додека за првата програма е друго прашање бидејќи гледа на седницата поинакви ставови. Не сака да навлегува во суштина бидејќи Советот не е истражен орган и судство, и тоа што им е обврска и како интелектуалци да кажат, не треба да имаат некоја автоцензура. Го прочитал внимателно и го слушал колегата Фиданоски, околу аргументацијата за точката на дневен ред и потоа бил во одредени дилеми за да не се навлезе во одредени тешки квалификации околу тоа што е констатирано, што се размислува, на што се повикува. На крајот видел дека стои - „од тие причини барам да се упати јавен повик до МРТ да јавниот радиодифузен сервис се придржува до законските одредби. Тоа според него е позитивно и нема никаква резерва околу тоа да се реафирмираат одредени ставови, обврски што ги има јавниот сервис. Би поддржал, со оглед дека е и практика и на Советот за радиодифузија, и на Агенција, посебно што на 27.02.2015 година имало таков апел, апел во смисла да не се биде дел од проблемот, дел од сето тоа што се случува, туку со едно укажување. Секој од институциите да ги почитуваа законите и стандардите, немаше да има вакви дискусии, спротивставени во крајност. И затоа смета да му се укаже, со афирмирање, почитувањето на стандардите, на законите, на сето тоа што е, без навлегување на што конкретно се однесува. Со тоа Советот не ги обврзува да ги објавуваат снимките. Го праша г-дин Фиданоски дали му е тоа идејата за повикување на јавниот сервис да се придржува до законите? Објасни дека во барањето во последниот дел предлогот е многу благо направен, што дава простор да го поддржи и Агенција. Г-дин Фетаи рече дека ќе го поддржи предлогот во таква форма.

Г-дин Јанчески рече дека г-дин Фиданоски го прочитал во интегрална форма барањето за расправа за начинот на кој известува јавниот радиодифузен сервис за актуелните политички случувања. При тоа рече дека ќе прочита дел од соопштението кое Агенцијата го испратила до радиодифузерите во Република Македонија, во кое што ќе се задржи на клучните работи. Се повикуваа медиумските професионалци да се

придржуваат до професионалните новинарски стандарди и принципи, односно начелата на член 61 од ЗААВМУ како и почитување на начелото за објективно и непристрасно прикажување на настаните со еднаков третман на различните гледишта и мислења, овозможување на слободно оформување на мислењето на публиката за одделни настани и прашања. На крајот од соопштение стои: при тоа доколку се одлучат да пренесат изјави кои во себе содржат навреди, клевети па дури и елементи на говор на омраза, задолжително треба да обезбедат дополнителен фактички контекст за да не придонесе за нивно ширење односно да не станат и самите извор на говор на омраза. Анализирајќи ги овие два документи, барањето на г-дин Фиданоски и соопштението до медиумите од страна на АААВМУ, констатира дека соопштението претставува сублимат на она што стои во барањето на г-дин Фиданоски. Меѓутоа неговото барање е упатено само кон МРТ а соопштението е испратено до сите радиодифузери во Република Македонија. Посочи уште една разлика, имено, барањето на г-дин Фиданоски носи датум од 26.03.2015 година, а соопштение на Агенцијата до медиумите е испратено на 27.02.2015 година, еден месец претходно. Агенцијата на некој начин превентивно влијаела, делувала на радиодифузерите да се однесуваат професионално, непристрасно и согласно установените стандарди и начела на работа согласно законските обврски. Немаше никаков проблем ако дискусијата за МРТ не беше единствената работа поставена на дневен ред. Минатата недела бил непријатно изненаден на ниското ниво на дебатата на политичката емисија што веќе колешката Машовиќ ја спомнала, на ТВ 24 Вести. Станувало збор за бројни лични навреди и дисквалификации, па дури може да се размислува и за елементи за говор на омраза. Г-дин Фиданоски рекол дека тоа се сведува на суд, се дава тужба и т.н. Да, ако тоа се случи во некоја затворена просторија, пред мал број на луѓе. Меѓутоа факт е дека тоа го гледа публика. И не може да се согласи со неговото толкување односно дека тоа е едноставен случај. Според него би било се во ред доколку не се ставела само МРТ под лупа. Практично се испраќа порака дека само тамо е нешто спорно, тоа што таа го работи, односно во случајов што таа не го работи, а кај сите други медиуми е се во ред. Прашање е дали навистина Агенцијата може да се меша во уредувачката политика на медиумите и може ли да им наложува што тие можат да прават, а да не зборуваме за законските импликации околу тоа што Агенција смее а што не смее да работи. Повторно предочи дека немало да има проблем да се дискутира на оваа тема, доколку не било селективно и доколку биле дадени и други медиуми како пример.

Г-дин Фиданоски му се обрати на г-дин Јанчески и му рече дека ќе се задржи на два момента. Прво дека со соопштението Агенцијата делувала превентивно. Професионален стандард е за него (за г-дин Јанчески), да не се објават телефонски разговори, а исто така е професионален стандард да се објават видео снимки од ПИ мерки, кои што се казниви по закон. Опозицијата објавува телефонски разговори кои што подоцна ги става во дел од постапката што ги доставува како кривични пријави до јавното обвинителство. Значи во моментот кога се објавувани не се дел од постапката тие снимки. Исто така рече дека и другите медиуми ќе дојдат на дневен ред еден ден. Негово право е за кого сака да поднесе точка за да се расправа, ако се расправа. Инаку сите телевизии, јавни радиодифузери врз кои што се прави надзор, треба да се придржуваат кон стандарди и начела, за професионализам и апсолутно да бидат општествено одговорни. Инаку, му се обрати на г-дин Јанчески, доколку го праша него лично, многу од нив тоа не го почитуваат, поголем дел од нив меѓу дилемата дали да се занимаваат со професионално новинарство или со пропаганда, го одбираат ова второто. Во конкретниот случај има точка, барање до јавниот радиодифузен сервис, затоа што тој сервис е јавен на граѓаните и се финансира од граѓаните. Инаку како што му одговорил и на г-дин Трајчев, соопштението го поздравил и појден е еден месец

што е доволно време да се види дали се практикува или не. Смета дека не се практикувало и од тие причини го поднел барањето, во конкретниот случај за МРТ.

Г-дин Јанчески, рече дека во тој случај би го прашал г-дин Фиданоски дали смета дека сите други медиуми известуваат професионално, бидејќи станува збор само за МРТ?

Г-дин Фиданоски одговори дека другите медиуми се општествено одговорни и апсолутно поголем дел од нив меѓу изборот да се занимаваат со професионални новинарски стандарди и пропаганда го избираат второто, односно има и други медиуми кои се занимаваат со пропаганда а не со вистинско новинарство за начинот како известуваат за одредени работи. Меѓутоа во овој случај барањето му е за јавниот сервис.

Г-дин Ајдини рече дека во животот никогаш не сакал да изјавува патриотизам, меѓутоа колешката Машовиќ во дискусијата ја спомнала емисијата „Во Центар“ на ТВ Алсат М. Тој како член на Советот, па и како Албанец, смета дека чувствува морална обврска дека треба да реагира поради тоа што во таа емисија е навредуван националниот херој на Албанците Адем Јашари, а тоа за него е недозволиво. Не сака да изигрува ничии адвокат, меѓутоа смета дека уредникот на Алсат М Телевизија, реагирал пост фестум. Според него таа емисија воопшто не би ја дал да се емитува, поради целата ситуација во Република Македонија и поради тоа што ги разгорува страстите.

Г-дин Фетаи рече дека предлагачот г-дин Фиданоски во својата дискусија се оградил дека предлогот не се однесува на втората програма на МРТ, на програмата на албански јазик, дека таму е поинаку. Но доколку се оди на едно универзално барање за почитување на стандардите, тој би го поддржал без дилеми. Истакна дека има разлика во уредувачката политика на едната и другата програма на МРТ, а програмата на албански ја следи и е во рамките на тоа што треба да биде.

Г-дин Петрушевски рече дека не може да влијае на предлогот на г-дин Фиданоски, негово е дали ќе ги прифати неговите сугестии, ќе го измени предлогот или не.

Г-дин Фиданоски рече дека на почетокот од неговата дискусија, веројатно веднаш по образложениeто на неговиот предлог рекол дека според сознанијата што ги има вториот програмски сервис има емитувано дел од телефонските разговори за што смета дека е според професионалните новинарски стандарди а и според законот. Затоа потенцира дека повикот е упатен до МРТ до првиот програмски сервис, да се придржува до законските одредби со што ќе придонесе да се исполни неговата улога во македонското општество ако се има предвид точката како што е поставена, расправа за начинот на кој известува јавниот радиодифузен сервис во актуелниот политички контекст или случување.

Г-дин Петрушевски рече дека нема да го поддржи предлогот на г-дин Фиданоски бидејќи е еднострaн, го загрозува правото на самостојност на уредувачката политика и исто така надлежност за ова има и Програмскиот совет на МРТ. Значи од повеќе причини предлог нема да го поддржи и поради тоа што Агенцијата го има веќе тоа направено пред еден месец до сите радиодифузери.

Г-дин Трајчев рече дека би сакал да се задржи на дискусијата на г-дин Фетаи. Од една страна рекол дека нема никаков проблем ако се повика да работи законски иако можеби работи законски, но да се повика, а од друга страна се дистанцира дека за вториот сервис тоа не треба да важи. Ако нема проблем да се повика, зашто г-дин Фетаи не би поддржал да важи генерално двата програмски сервиси на МРТ да се повикаат да работат законски. Самото повикување да работи некој законски инсинуира

дека тој не работи законски. Поддржување на таква теза значи дека некој не работел законски па понатака треба да работи законски. Доколку г-дин Фетаи нема проблем да се даде повик генерално, да се даде во конкретниот случај на првиот програмски сервис, зашто би имал проблем спрема вториот сервис. Во однос на причините зошто не би го поддржал барањето на г-дин Фиданоски, рече дека се навлегува во една димензија која што не е во надлежност на Советот и не сака Советот на Агенцијата да се инволвира во политички случувања. Членовите на Советот треба да се држат до законот, Советот треба да биде независно регулаторно тело, кое што ќе работи согласно законот, и не треба да навлегува во теми кои што не се во негова надлежност, дополнително ако со тие теми се дава одредена политичка димензија на некои одлуки.

Г-дин Фетаи рече дека му е драго дека ова го истакнал и уште еднаш ја афирмира позицијата, програмата на албански јазик каде што има одредена според него избалансираност и се придржува кон она што го рекол колегата Фиданоски, бидејќи тој ја следи првата програма и не навлегува во оценките на првата програма. Но, реафирмирање на ставовите од соопштението до јавниот сервис МРТ во смисла на она што го рекол претходно, нема никаква резерва да поддржи дали ќе пишува МТВ1 или МРТ во целина. Убеден е во смисла дека нема да се згреши за реафирмација на ставовите, почитување на законот и т.н. Смета дека тоа е делот од мисијата на Агенцијата. Но поради што г-дин Трајчев рекол дека прави дистинкција, тогаш во гласањето се става во позиција да не испадне дека е пристрасен, иако ги кажува неговите видувања со оглед дека ја следи втората програма и може малку по аргументирано да зборува. Во однос на барањето на г-дин Фиданоски рече дека ќе биде воздржан.

Советот на Агенцијата со еден глас „за“ од г-дин Фиданоски, четири гласа против од г-дин Петрушевски, г-дин Трајчев, г-ѓа Машовиќ и г-дин Јанчески и два воздржани гласа од г-дин Фетаи и г-дин Ајдини, не го прифати Барањето од членот на Советот на Агенцијата Зоран Фиданоски, бр.02-2302/1 од 26.03.2015 година во кое беше побарано Агенцијата да упати јавен повик до МРТ во кој ќе се бара јавниот радиодифузен сервис да се придржува до законските одредби со што ќе придонесе да се исполни неговата улога во македонското општество.

**Точка 7**

Г-дин Петрушевски најави дека г-дин Фетаи мора да ја напушти седницата бидејќи има претходно закажани обврски и Советот ќе работи без него.

Г-дин Трајчевски даде краток вовед за предложениот Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за определување на траење на годишниот одмор на вработените во стручната служба на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-1879/1 од 12.03.2015. Објасни дека со послседните измени и дополнувања на Законот за работните односи, меѓудругото, се изменуваат и одредбите со кои се уредува годишниот одмор и начинот на неговото користење, и во таа насока се наметна потребата за усогласување на предложениот Правилник.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот на Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.01-2317/1 од 26.03.2015 година и едногласно (г-дин Фиданоски и г-дин Фетаи беа отсутни за време на гласањето), донесе Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за определување на траењето на годишниот одмор на вработените во стручната служба на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, бр.01-1879/1 од 12.03.2015 година.

Во Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за определување на траењето на годишниот одмор на вработените во стручната служба на Агенцијата за

аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, бр.01-1879/1 од 12.03.2015 година, направени се следните измени:

- ставот 2 од членот 11 од Правилникот за определување на траењето на годишниот одмор на вработените во стручната служба на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-1879/1 од 12.03.2015 година, се менува и гласи:

"Работникот има право два дена од годишниот одмор да ги користи во денови коишто самиот ќе го определи, ако тоа посериозно не го загрозува работниот процес, за што мора да го извести директорот на Агенцијата, преку известување доставено до својот непосредно претпоставен, односно раководител на одделение/раководител на сектор, најдоцна три дена пред користењето." и

- ставот 2 од членот 12 од Правилникот за определување на траењето на годишниот одмор на вработените во стручната служба на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-1879/1 од 12.03.2015 година, се менува и гласи:

"Годишниот одмор може да се користи во повеќе делови во договор со работодавачот, со тоа што еден дел од годишниот одмор мора да трае најмалку две непрекинати работни недели."

Сите останати одредби од Правилникот за определување на траењето на годишниот одмор на вработените во стручната служба на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-1879/1 од 12.03.2015 година, остануваат неизменети

Се задолжи Секторот за правни и економско-финансиски работи, да изработи пречистен текст на Правилникот за определување на траењето на годишниот одмор на вработените во стручната служба на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, бр.01-1879/1 од 12.03.2015 година.

Се задолжи Секторот за координација и поддршка на работата на Директорот и на Советот на Агенцијата, горенаведениот правилник да го објави на нејзината веб страница.

Се задолжи Секторот за информатичка поддршка и општи работи – архива на Агенцијата, горенаведениот правилник да го објави на огласната табла на Агенцијата.

**Точка 8**

Г-дин Трајчевски го објасни предложениот Правилник за утврдување на локациите за прибирање на сигнали од ОЈЕКМ и даватели на аудиовизуелни медиумски услуги по барање. Со цел да се обезбеди поголема вклученост на засегнатите чинители во јавната расправа, Агенцијата на 19.03.2015 година, организираше работна средба на која учествуваа претставници на поголемите оператори на јавни електронски комуникациски мрежи и СИЗ МК НЕТ како претставник на помалите оператори. На состанокот беше презентиран Нацрт – Правилникот, а присутните беа уште еднаш повикани активно да се вклучат во јавната расправа со предлози што ќе ги достават во писмена форма. Заклучно со 26.03.2015 година, до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги не беше доставена ниту една забелешка. На 27.03.2015 година, во однос на Нацрт – Правилникот за утврдување на локациите за прибирање сигнали од операторите на јавни електронски комуникациски мрежи и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, пристигнаа забелешки од Стопанска интересна заедница на операторот на кабелска мрежа МК НЕТ – Скопје. Г-дин Трајчевски ја објасни нивната прва забелешка. Според нив потребно е да постојат повеќе собирни точки во различни населени места во регионите кои се спомнати во Правилникот, на кои што операторите треба да го доставаат својот сигнал. При тоа да им се дадат повеќе технички можности на операторите за пренос на сигналот меѓу кои и IP stream unicast зависно од технологијата на операторот (аналогна, DVB-C, IP, DVB-T). Г-дин Трајчевски образложи дека техничките

карактеристики – форматот на сигналот кој ќе биде доставен до собирните точки ќе биде утврден со одлука на Директорот. Форматот на доставениот сигнал зависи од опремата која ќе биде инсталирана во собирните точки, која се уште не е набавена и не се знаат карактеристиките на истата. Исто така ако се зема предвид развојот на технологијата за дистрибуција на аудиовизуелни содржини, во иднина, само со Одлука на Директорот ќе се смени форматот на доставениот сигнал, без притоа да се менува Правилникот. Втората забелешка се однесуваше на опремата за пренос на сигналот кој операторите треба да ја инсталираат во својата централа како и преносот на сигналот, кој треба да биде обезбеден или пак субвенциониран од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Образложи дека забелешката не се прифаќа. Согласно Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, операторите на јавните електронски комуникациски мрежи, се должни да плаќаат годишен надоместок за надзор кон Агенцијата. Овие средства се доволни само за да се покријат административните трошоци што Агенцијата ги има за остварување на своите надлежности за вршење програмски надзор врз операторите. Исто така потенцира дека операторите кои реемитуваат програмски сервиси или давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање треба да дадат изјава заверена на нотар, дека излезниот сигнал кој го испорачуваат до далечинската собирна точка лоцирана во подрачјето на регионално ниво, заради негова натамошна дистрибуција до системот за програмски надзор во централната локација за прибирање на сигналот во седиштето на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во Скопје, е со идентична содржина со онаа која ја доставаат до крајните корисници.

Г-дин Петрушевски рече знаејќи технички како ќе се одвива овој проект, има можност во правилникот на почетокот на идната година да се направат дополнителни измени.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот на Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.01-2318/1 од 26.03.2015 година и едногласно (г-дин Фетаи беше отсутен за време на гласањето), донесе Правилник за утврдување на локациите за прибирање сигнали од операторите на јавни електронски комуникациски мрежи и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, со текст како што беше предложен.

Горенаведениот правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 31.01.2016 година.

Се задолжи Секторот за координација и поддршка на работата на Директорот и на Советот на Агенцијата, горенаведениот подзаконски акт да го објави во „Службен весник на Република Македонија„.

**Точка 9**

Г-дин Трајчевски воведно го образложи Нацрт – Правилникот за работниот ред и дисциплинската и материјална одговорност на вработените во стручната служба на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Објасни дека крајниот рок за поднесување на сите подзаконски акти е 6 април 2015 година, иако, рече, не станува збор за правилник кој директно е поврзан со работата на радиодифузерите. Во таа насока предложи да се даде рок од една недела за евентуална корекција на текстот и потоа да се усвои. Со правилникот секој вработен во Стручната служба на Агенцијата одговара дисциплински за: дисциплинска неуредност и дисциплински престап. За дисциплинскиот престап се формира комисија која дава предлог до директорот за изрекување на санкција а има можност да се поведе и жалбена постапка до Советот на Агенцијата.

Г-дин Петрушевски потенцира дека е добро што вработениот може да се жали и до Советот на Агенцијата.

Г-дин Фиданоски постави прашање: врз која основа во нацрт правилникот е наведено дека повторување на дисциплинска неуредност повеќе од два пати во тековна година е основа за дисциплински престап? Дали тоа е стандард што се применува во македонската администрација или се базира на нешто друго?

Г-дин Петрушевски, предложи, бидејќи се работи за нацрт правилник, во рок од една недела да се одговори на прашањето на г-дин Фиданоски, и одговорот да се достави до сите членови на Советот и до Директорот на Агенцијата.

Г-дин Фиданоски рече дека ќе го прифати предлогот, и рече дека прашањето го поставил свесно, бидејќи според него оваа мерка е малку рестриктивна.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот на Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.01-2319/1 од 26.02.2015 година и едногласно (г-дин Фетаи беше отсутен за време на гласањето), донесе Нацрт – Правилник за работниот ред и дисциплинската и материјалната одговорност на вработените во стручната служба на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со текст како што беше предложен.

Се задолжија вработените во Стручната служба на Агенцијата кои го изработиле горенаведениот подзаконски акт, да достават одговор на прашањето, врз која основа во нацрт правилникот е наведено дека повторување на дисциплинска неуредност повеќе од два пати во тековна година е основа за дисциплински престап, поставено од членот на Советот на Агенцијата, Зоран Фиданоски.

Одговорот да се достави до сите членови на Советот и до Директорот на Агенцијата.

**Точка 10**

Во однос на Барањето од ТРД Канал 5 ДООЕЛ Скопје, бр.03-1612/3 од 26.03.2015 година, Г-дин Трајчевски објасни дека станува збор за прекршочна постапка покрената против ТРД Канал 5 ДООЕЛ Скопје, за неизбалансираност во известувањето за време на изборите во 2013 година. ТРД Канал 5 ДООЕЛ Скопје доставил барање, Советот, односно Агенцијата да ја повлече жалбата поднесена до Апелациониот суд, со оглед на фактот дека Канал 5 ја платил сумата што била утврдена со Одлука на Основен суд. Но кога се разгледал целиот случај со раководителот на Секторот за правни и економско-Финансиски работи, д-р Андриана Скерлев Чакар, се увидело дека сумата што ја утврдил судот е пониска од сумата за порамнување, што претставува апсурд во судска процедура. Бидејќи оваа прекршочна постапка е покрената од Советот за радиодифузија, г-дин Трајчевски објасни дека ја доставил на седница за да Советот има во предвид за што станува збор. Негов личен став е дека казната што ја има изречено судот не соодветствува со прекршокот и е пониска, а со оглед на тежината на прекршокот, смета дека Советот не треба да го прифати ова барање, без оглед што Канал 5 ја платил сумата од одлуката од првостепениот суд.

Г-дин Петрушевски, рече дека ќе го поддржи предлогот на Директорот да не се прифати Барањето од ТРД Канал 5 ДООЕЛ Скопје.

Советот на Агенцијата со 5 гласа „за" и еден воздржан глас од г-дин Фиданоски (г-дин Фетаи беше отсутен за време на гласањето), не го прифати Барањето од ТРД Канал 5 ДООЕЛ Скопје, бр.03-1612/3 од 26.03.2015 година, за повлекување на Жалба бр.1612/2 од 18.03.2015 година, поднесена од Агенцијата преку Основен суд Скопје 1 Скопје до Апелациониот суд против наведена пресуда.

Се задолжи Секторот за правни и економско-финансиски работи, да подготви допис, со кој ќе го извести ТРД Канал 5 ДООЕЛ Скопје за горенаведената одлуката на Советот.

**Точка 11**

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот на Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.05-2295/3 од 26.03.2015 година и едногласно (г-дин Фетаи беше отсутен за време на гласањето), даде одобрување за спроведување на постапката за јавна набавка за следниот предмет на јавна набавка - стока: Средства за пијалоци и потреби за кујна.

Се задолжи Секторот за информатичка поддршка и општи работи, да ги преземе потребните активности согласно Законот за јавните набавки.

**Точка 12**

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот на Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.05-2280/3 од 26.03.2015 година и едногласно (г-дин Фетаи беше отсутен за време на гласањето), даде одобрување за спроведување на постапката за јавна набавка за следниот предмет на јавна набавка - услуга: Одржување на постојната веб – страна на Агенцијата.

Се задолжи Секторот за информатичка поддршка и општи работи, да ги преземе потребните активности согласно Законот за јавните набавки.

**Точка 13**

Советот на Агенцијата ја повлече Предлог – Одлуката за потреба од јавна набавка: Одржување на хигиената во деловните простории на Агенцијата, поради направена техничка грешка.

**Точка 14**

Советот на Агенцијата ја повлече Предлог – Одлука за потреба од јавна набавка: Свич 6 (шест) парчиња, поради направена техничка грешка.

**Точка 15**

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот на Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.05-2296/3 од 26.03.2015 година и едногласно (г-дин Фетаи беше отсутен за време на гласањето), даде одобрување за спроведување на постапката за јавна набавка за следниот предмет на јавна набавка - услуга: Ангажирање на фирма за селење од старите во новите простории на Агенцијата.

Се задолжи Секторот за информатичка поддршка и општи работи, да ги преземе потребните активности согласно Законот за јавните набавки.

**Точка 16**

Разно.

Во однос на предлог-одлуката за јавна набавка-стока: Канцелариски мебел и опрема за деловниот објект на Агенцијата, Палата „Панко Брашнаров, г-дин Фиданоски постави прашање дали сумата од 7.440.000,00 без ДДВ се однесува за едниот од двата дела, набавка на канцелариски мебел и опрема?

Раководителката на одделението за јавни набавки, Билјана Парлеева одговори дека таа сума претставува вкупно проценета вредност за сите делови наведени во техничката спецификација.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот на Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.05-2345/1 од 27.03.2015 година и едногласно (г-дин Фетаи беше отсутен за време на гласањето), даде одобрување за изменување на Одлуката за потреба од јавна набавка бр.05-6728/1 од 31.12.2014 година, за следниот предмет на јавна набавка-стока: Канцелариски мебел и опрема за деловниот објект на Агенцијата, Палата „Панко Брашнаров“.

Се задолжи Секторот за информатичка поддршка и општи работи, да ги преземе потребните активности согласно Законот за јавните набавки.

**Бр. 02-2315/15**
**08.04.2015 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Заменик на претседателот**
**на Советот**

**д-р Милаим ФЕТАИ, с.р.**